

# ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ МОЖНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТОПАНСКАТА СОРАБОТКА МЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ИТАЛИЈА

# • Вовед

Со воспоставувањето на дипломатските односи во 1993 година помеѓу Република Северна Македонија и Република Италија, билатералните односи во изминатите 26 години ги карактеризира силната политичка и економска поддршка која Република Италија и` ја дава на Република Северна Македонија. Воедно, истата е силен поддржувач на северoатлантските и евроинтеграциските процеси на Македонија.

Согласно последните годишни податоци на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, 2018 година беше многу позитивна година за трговските односи меѓу Италија и Република Северна Македонија, со зголемување на вредноста на вкупната билатерална трговија, која достигна близу 614 милиони евра, или за 13,2% повеќе во однос на 2017 година. Вредноста на македонскиот извоз изнесуваше 184,1 милиони евра, што претставува зголемување од 12,34% во споредба со 2017 година. Увозот од Италија достигна вредност од 430,25 милиони евра, со раст од 13,6% во споредба со 2017 година.

Република Италија е значаен трговски партнер на Република Северна Македонија и перманентно се наоѓа на листата од првите десет земји со кои нашата држава има најголем обем на трговска размена и деловна соработка.




Тековите на италијанските директни инвестиции во странство во Северна Македонија се концентрирани главно во градежништвото, земјоделските производи, текстилот, обувките и обработката на метал, а присуството на италијански компании е исто така важно во секторот за обновлива енергија.

Во државава се активни околу 130 компании со италијански капитал претежно од чевларската, хемиската и металопреработувачката индустрија.

Билатералните односи помеѓу Република Северна Македонија и Република Италија ги карактеризира интензивен политички дијалог и значајна динамика во соработката во сите области каде бројните реализирани посети на високо ниво, како и редовните средби помеѓу двете земји исто така придонесуваат кон добрите политички односи.

# 1. ОСНОВНИ ЕКОНОМСКИ ИНДИКАТОРИ

## 1.БДП – Бруто домашен производ

**Табела 1: БДП - бруто домашен производ**
*(во милиони САД долари по постојани цени од 2010 според УНКТАД)*

| Период | Италија | Македонија |
|---|---|---|
| 1992 | 1.790.908 | 6.324 |
| 2002 | 2.101.932 | 6.904 |
| 2012 | 2.077.061 | 9.583 |
| 2018 | 2.137.848 | 11.240 |
| Пораст/пад 2018/1992, во % | 19,4 | 77,7 |

*Извор:УНКТАД*

Во табела 1 е прикажана големината на бруто домашниот производ (БДП) во поодделни години, каде во 1992 година италијанската економија била поголема за 28,2 пати, а за 18,9 пати од македонската во 2018 година. Италијанскиот БДП во 2018 година напроти 1992 година се зголемил за 19,4% или во номинален износ за 346.940 милиони САД долари. Македонскиот БДП во износ од 11.240 милиони САД долари се зголемил во однос на 1992 година 77,7% како релативен податок додека пак во номинален износ истиот е зголемен за 4.916 милиони САД долари во однос на 1992 година кога изнесувал 6.324 милиони САД долари. Во однос на вредносното учество на македонскиот БДП во италијанскиот во 2018 година е 0,53%, што значи дека нашата економска основа не е ниту 1 процент од италијанската.

**Табела2: БДП - бруто домашен производ по глава на жител,**
*(во САД долари по постојани цени од 2010 според УНКТАД)*

| Период | Италија | Македонија |
|---|---|---|
| 1992 | 31.340 | 3.180 |
| 2002 | 36.758 | 3.370 |
| 2012 | 34.687 | 4.620 |
| 2018 | 35.262 | 5.396 |
| Пораст/пад 2018/1992, во % | 12,5 | 69,7 |

*Извор:УНКТАД*

Во табела 2 се прикажани податоците за БДП по глава на жител, како прв мерлив резултат за конкурентноста на националните економии и од истата се гледа дека италијанскиот БДП по глава на жител во 2018 година се зголемил за 12,5% во однос на 1992 година, а македонскиот за 69,7%. Но сепак, високиот процент на зголемувањето на нашиот се однесува на мерењата на порастот на ниска економска основа. Компарирано пак спрема номиналниот износ на БДП по жител на двете држави во табелата 2, италијанскиот БДП по жител во 1992 година, а во вредност од 31.340 САД долари е повисок од македонскиот за 8,7 пати кој пак изнесувал 3.180 САД долари, а во 2018 година италијанскиот во износ од 35.262 САД долари е повисок за 5 ½ пати од македонскиот кој изнесувал 5.396 САД долари според последните податоци.

## 2. Странски директни инвестиции (СДИ)

**Табела 3: Кумулиран износ на СДИ од Италија во Македонија**

*(во милиони евра)*

| Период | Италија | % на учество во вкупните СДИ во РСМ |
|---|---|---|
| 1997 | 9,9 | 7 |
| 2000 | 11,4 | 2 |
| 2005 | 37,7 | 2,1 |
| 2010 | 58,2 | 1,8 |
| 2015 | 94,2 | 2,1 |
| 2018 | 122,7 | 2,3 |

Извор: *НБРМ на РСМ*

Според прегледот на НБРМ на состојбите на СДИ во земјава, првите италијански СДИ се регистрирани во 1997 година во износ од 9,9 милиони евра. Во истата година тие структурно учествувале со 7% во однос на вкупните инвестиции во земјава. За периодот од 1997 - 2018 година Италија има вкупно инвестирано 122,7 милиони евра и истите заклучно со 2018 година учествуваат со 2,3% во вкупните странски директни инвестиции во државата кои изнесуваат 5.307 милиони евра.

## 3.Надворешно-трговска размена

Република Италија е значаен трговски партнер на Република Северна Македонија и перманентно се наоѓа на листата од првите десет земји со кои нашата држава има најголем обем на трговска размена и деловна соработка.

**Табела 4: Надворешно-трговска размена на Македонија**

| | 1992 | 1997 | 2000 | 2005 | 2010 | 2015 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупна надворешно-трговска размена на Македонија со светот (во милиони САД долари) | 2.405 | 3.015 | 3.416 | 5.275 | 8.826 | 10.957 | 15.960 | 16.657 |
| Надворешно-трговска размена на Македонија со Италија (во милиони САД долари) | 212,1 | 139,6 | 201,8 | 363,9 | 570,5 | 576,7 | 725,3 | 721,8 |
| Учество на надворешно-трговската размена со Италија во вкупната надворешно-трговска размена на Македонија (во %) | 8.8 | 4.6 | 5.9 | 6.9 | 6.5 | 5.3 | 4.5 | 4.3 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Вкупната трговска размена во 2019 година во однос на 2018 година изнесува 721,8 милиони САД долари (645 милиони евра) и истата е зголемена за 5% во однос на 2018 како процент од евра.

Набљудувано во релативни големини, учеството на размената со Италија во вкупната размена на Македонија со светот од 8,8% во 1992 година, секоја година

постепено се намалува, за да заклучно со 2019 година размената изнесува 721,8 милиони САД долари (645 милиони евра) и структурно учествува со 4,3% од вкупната размена на РСМ со светот, а воедно за 2019 е петти трговски партнер на Македонија

Република Италија е многу важна земја за македонскиот извоз и се вбројува во традиционално најважни пазари за Македонија. Во скоро сите години од осамостојувањето извозот кон Италија се зголемува, за да во 2019 година извозот изнесува 194 милиони САД долари ( 173,8 милиони евра) или учествува со 2,7% од вкупниот извоз на земјава (Табела 5). Сепак во 2019 година македонскиот извоз кон Италија е намален за 5,6% во однос на 2018-тата.

**Табела 5: Македонскиот извоз**

| | 1992 | 1997 | 2000 | 2005 | 2010 | 2015 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен извоз од Македонија (во милиони САД долари)** | 1.199 | 1.237 | 1.323 | 2.042 | 3.351 | 4.530 | 6.908 | 7.187 |
| **Извоз на Македонија во Италија (во милиони САД долари)** | 89,4 | 43,6 | 90,7 | 169,8 | 235,3 | 186,2 | 217,2 | 194,6 |
| **Учество на извозот во Италија во вкупниот извоз на Македонија (во %)** | 7,4 | 3,5 | 6,8 | 8,3 | 7,5 | 4,1 | 3,1 | 2,7 |

*Извор: ДЗС*

Карактеристично пак за структурното учество на нашиот извоз е дека доминираат производите од пониско доходовните гранки, од кои најголем дел од текстилната, кожарската, прехранбената индустрија, плоснато валани и други полуготови производи од сродни индустрии.

Во набљудуваниот период, вкупниот увоз на Македонија го карактеризира побрза динамика на раст од извозот, што резултира со перманентен надворешно-трговски дефицит.

**Табела 6: Македонскиот увоз**

| | 1992 | 1997 | 2000 | 2005 | 2010 | 2015 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен увоз во Македонија (во милиони САД долари)** | 1.206 | 1.779 | 2.094 | 3.233 | 5.474 | 6.427 | 9.052 | 9.470 |
| **Увоз на Македонија од Италија (во милиони САД долари)** | 122,7 | 96 | 111,1 | 194,1 | 335,2 | 390,5 | 508,1 | 572,2 |
| **Учество на увозот од Италија во вкупниот увоз во Македонија (во %)** | 10,2 | 5,4 | 5,3 | 6 | 6,1 | 6,1 | 5,6 | 5,5 |

*Извор: ДЗС*

Надворешно-трговската размена на Македонија со Италија по правило сите години резултира со дефицит на македонската страна, којштo варира по својата големина и најголем е во 2019 година во износ од 297,3 милиони евра (или 377,6 милиони САД долари).

## 3. Карактеристики за италијанската економија

Италија е трета најголема економија во еврозоната. Има високо развиен индустриски сектор на север, во кој доминираат приватни компании и високо субвенциониран земјоделски сектор на југ. Нејзината економија е силно поддржана од производството на високо квалитетни производи за широка потрошувачка, произведени од мали и средни претпријатија.

- **Индустрискиот сектор** сочинува 24% од БДП и вработува 26% од активното население. Индустриската активност на земјата е концентрирана на северот на земјата, вклучувајќи ги градовите како Торино, Милано и Венеција. Италија е најголем извозник на луксузни производи во светот (облека, автомобили и сл.). **Најважните сегменти во индустрискиот сектор се производство на моторни возила и машини, хемиски и фармацевтски индустрии, производство на електрични производи и модни и текстилни индустрии**. Италија учествува со 4,2% од европското производство на автомобили (по Германија со **31,5 %,** Франција 11,2 %, и Обединетото Кралство со 9,6 %). Италијанската автомобилска индустрија бележи силен раст во последните пет години, што ја прави петта по големина автомобилска индустрија во Европа. Таа генерираше вкупни приходи од 13,6 милијарди евра во 2018 година, со просечна годишна стапка на раст од 14,2% за периодот од 2014 до 2018 година. **Фармацевтската индустрија на Италија претставува 9,9% од европскиот фармацевтски пазар** каде италијанскиот фармацевтски пазар има високо ниво на стручност за напредни терапии и управување со договори за влез на нови лекови. Во 2018 година, таа оствари вкупни приходи од 24,2 милијарди евра. Италија е на второ место во Европа во однос на големината на производството во фармацевтската индустрија, веднаш зад Германија. Меѓу петте најголеми европски земји, Италија произведува околу една четвртина од лекови и учествува со 19% од вкупната продажба каде земјата е лидер во клиничкиот развој, особено во областа на вакцините, терапиите со плазма протеини, напредните терапии и ретките болести.



- **Секторот на услуги** сочинува 74% од БДП на Италија и вработува околу 70% од работната сила во земјата. Туризмот е најголем сегмент во услужниот сектор, со тоа што Италија е петта најпосетувана земја на меѓународно ниво и трета најпосетувана во Европа. Услугите поврзани со деловните активности исто така играат важна улога во економијата на земјата. Се проценува дека повеќе од половина од италијанските компании работат во секторот услуги.

- **Земјоделскиот сектор** сектор учествува со 2% од БДП на Италија и вработува околу 4% од вкупната работна сила. Италија е еден од најголемите производители во ЕУ на ориз, овошје, зеленчук и вино во Европа каде, поради недоволните природни ресурси во земјата, секторот е во голема мера зависен од увозот на суровини што се користат во земјоделското производство.

## 4. Како до поголема економска соработка помеѓу двете земји?

Целта на секоја национална економија е да постигне успех на светскиот пазар којшто овозможува подобар животен стандард за сите граѓани, кој како успех е резултат на многу фактори, а посебно на воведување нови производи и производни процеси, односно инвестиции кои водат кон раст на продуктивноста, повисок доход и одржлив развој.

Коморскиот инвестициски форум чие седиштето на Генералниот секретаријат се наоѓа токму во Трст – Италија е првиот пробив кон отворањето на портите на заедничкиот европски пазар за земјите од Западен Балкан, што ќе придонесе за значително зголемување на економскиот раст на државите од регионот. Целта е унапредување на конкурентноста на економиите на земјите од Западен Балкан, во кој припаѓаме и ние како држава и исполнување на економските критериуми за пристапување кон Европската унија, преку зајакнувањето на регионалната економска соработка и нивната интеграција во Европската унија и на глобалниот пазар.

chamber investment forum
western balkans 6

Продлабочувањето на економската соработка меѓу Македонија и Италија е одлична можност од чија реализација корист би имале двете земји, а притоа важна поткрепа дава одличната политичка соработка помеѓу двете земји. Република Италија е земја со која традиционално имаме одлични односи како на политичко, културно и на економско ниво, имаме голем потенцијал за деловна соработка, а притоа не постојат пречки на патот за поинтензивна соработка на сите нивоа, за отворен дијалог, како и волја за реализација на тоа што би било договорено.

Република Македонија и целиот регион на Западен Балкан имаат потреба од партнерство со италијанската економија, каде постојат и реални предуслови италијанските и македонските компании заеднички да настапат на пазарите во Европската унија и пошироко во светот. Затоа е потребно компаниите добро да се подготват и да се информираат за деловните можности за влез во овие земји, а сето ова ќе значи поголем потенцијал за деловна соработка на сите нивоа, отворен дијалог и волја за поинтензивна соработка, што треба да се искористи и да стане заедничка предност.

Место за развој и експанзија на стопанската соработка меѓу Македонија и Италија има и како предности, пред се` се близината на двете земји, добрата инфраструктурна поврзаност, дистрибуцијата и логистиката, како и културните сличности. Италија е една од ЕУ-земјите којашто на Македонија и` дава целосно разбирање и поддршка во начинот на

подобрување на економијата и продлабочување на билатералната соработка во бизнис-секторот, за што говорат и големиот број странски инвестиции од Италија во Македонија, особено во последните десетина години. Од досегашната соработка, очигледно е дека италијанските компании веруваат во потенцијалот на македонската економија и го сметаат економскиот амбиент за атрактивен.

- Македонија е важна крстосница на Балканот, особено во поглед на енергетското поврзување и затоа треба сите расположливи ресурси и природни потенцијали што ги има земјава целосно да се искористат. Инвестициите и соработката во енергетски решенија и услуги од областа на фотоволтаиците и складирање енергија, се дел од областите на кои фирмите од двете држави може да најдат решенија за соработка, а интенција е соработка и во производството и развојот на енергија од обновливи извори. Затоа од големо значење е продолжување и поттикнување на инфраструктурните инвестиции во енергетскиот сектор со нови странски инвестиции директно од Италија, кои би можеле да инвестираат во нашата земја пред се` во вакви инфраструктурните вложувања.
- Размената на искуства и информации меѓу македонската и италијанската бизнис-заедница е клучен фактор за продлабочување на веќе одлично поставената економска соработка меѓу двете земји, каде посебно треба да се обрне внимание на секторското поврзување меѓу компаниите на двете земја, во насока на воспоставување нови партнерства, во правец на заеднички настап на трети пазари.
- Соработката и размената може да се зголеми и преку поголемо активирање и залагање на претставништвото на Конфедерацијата на италијанската индустрија - Конфиндустрија во Република Македонија, во насока на интензивирање на економската соработка на компаниите, развивање на трговските контакти, насочување и унапредување на извозно-увозните можности, со цел постигнување подобри резултати и логистичка поддршка за компаниите од двете земји. Но, за да бидат ефектите уште повидливи и реално корисни, потребно е активностите да се насочени кон стимулирање на соработката, информираноста, контакти со домашни, странски, коморски и деловни партнери, со цел решавање на проблеми и прашања кои се од заеднички интерес во делот на економската соработка меѓу двете земји.
- Двете земји имаат потреба да ја зајакнуваат и да ја развиваат соработката во насока на инвестициите и пренесување на искуствата во повеќе области на взаемни интереси, пред се` во областа на економијата, трговијата, човечките ресурси, проектни програми, земјоделската соработка и во областа на културата и образованието. Структурната сличнот на економиите на двете држави и знаењето и искуството на италијанските фирми се добра основа за поголема економска соработка во делот на изградба на патна и железничка инфраструктура,

гасификацијa, енергетика и животна средина. Италијанските инвестиции во нашата земја во најголем дел се фокусирани во делот на ТГС технички гасови, обновливи извори на енергија, во текстилната  и чевларската индустрија, но особен итерес кај италијанските стопанствениците има и за прехранбената индустрија и туризмот.




- Покрај посакуваното зајакнување на добрите деловни релации, потребно е заедно да се посветиме на намалување на разликите и бариерите во трговската размена и поттикнување на компаниите за конкретни партнерства и меѓусебна соработка. Потребно е да се искористат и одличните релации што ги имаме со коморите од Италија, како и квалитетно поставените канали на соработка, кои се во насока на охрабрување на компаниите во мисијата да пронајдат сигурни деловни партнери, посочувајќи и на искуството на италијанските компании во реализација на поголеми инфраструктурни проекти**.**
- Тука од круцијално значење е меѓусебното поврзување, размена на искуства, контакти, здружување и настап со заеднички производи на трети пазари, заедничко инвестирање во раст и развој со цел за создавање на производи со повисока додадена вредност кои ќе овозможат повисок раст и развој на наведениве економии, односно истите цели за кои се залага и КИФ.
- Пласман на италијански козметички производи на пазарот во државава, трговија со прехранбени и вински производи, соработка со туроператори, во областа на туризмот, иновации и градежништво - се областите кои дополнително ќе придонесат за зголемување на традиционално добрите  деловни релаци меѓу двете земји.

Искуствата, технологиите и знаењата на италијанските компании во сите фази од работењето наговестуваат дека постои заложбата за продлабочување на економската соработка, каде досегашното позитивно искуство кое го има земјава од реализацијата на неколку инвестиции, докажува дека има потенцијал кој може да биде искористен во насока на јакнење на трговските и економските односи меѓу двете пријателски држави.

Инаку, билатералните односи меѓу Република Македонија и Италија се одлични и тие се на ниво на традиционално пријателство, со сите елементи на партнерство и со уште поголем потенцијал за севкупна соработка на чие искористување треба да се работи во наредниот период. Размената на информации и искуства е многу важен фактор за креирање позитивна перцепција за земјите кај бизнисмените од двете земји и од тие причини потребно е досегашните активности на билатерален план да продолжат со ист континуитет.

Во иднина и Стопанската комора на Македонија ќе се стреми кон организирање на што поголем број заеднички настани и активности, што ќе овозможат ширење на пазарите како во насока на извоз на македонски производи, така и во насока на увозот на италијански производи и остварување нови можности за партнерства.

